Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 јули 2026 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одбивање на приговор**

1. Приговорот на Кристина Кузмановски од Кавадарци УП2 09-231/26 од 18 мај 2026 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_25_20260204_34 од 14.05.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_25_20260204_34 од 14.05.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Кристина Кузмановски од Кавадарци до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-231/26 од 18 мај 2026 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_25_20260204_34 од 14.05.2026 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција), против висината на трошокот за приклучок, 499.571,00 денари за 11kW.

Ова е второ поднесување на приговор за истиот објект, при што претходно приговорот беше поднесен против Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување, за кој е издадено Решение за уважување на приговорот УП2 бр. 09-114/26 од 02.04.2026 година.

Според Електродистрибуција – се работи за барање за приклучок на помошен објект за складирање на земјоделски површини. Се наоѓа на растојание од 250 метри од последна точка нисконапонската мрежа на Електродистрибуција. За да се изгради мрежа од последна напојна точка до корисникот треба да се помине надвозник на новиот експресен пат Прилеп-Градско што ја отежнува

изведбата и финансиски (обезбедување на потребните дозволи од страна на ЈПДП) и на терен. Со техничкото решение се предвидува реконструкција на мал дел од постоечката нисконапонска мрежа (во ова корисникот учествува по капацитет). Исто така се предвидува и изградба на подземен нисконапонски приклучок од последната постоечка точка до граница на имот на корисникот. Овој приклучен вод се гради по надвозник на новиот експресен пат Градско-Прилеп и од ЈПДП не е дозволен воздушен премин преку овој дел од патот. На предметната локација постои постоечка приватна нисконапонска мрежа која е во лоша состојба и е изведена со нестандардни материјали и од неа се напојува само еден корисник. На оваа локација нема постоечки потенцијални баратели со документација за нов приклучок.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 26 јуни 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-231/26 од 18 мај 2026 година со прилог:

- Решение за уважување на приговор УП2 бр. 09-114/26 од 02.04.2026
- Одобрение за изградба на објект на земјоделско земјиште издаден од Општина Росоман
- Спецификации на трошоци
- Приговараното Решение

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 22 јуни 2026 година со прилог:

- Спецификации на трошоци за реконструкција на нисконапонската мрежа и за мерното место
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- GIS скица

На седницата се заклучи Електродистрибуција да прецизира зошто во ГИС скицата е наведен 4x25mm кабел, а во анексот и во едната спецификација е наведен 4x50mm кабел и да се дообјасни во целост техничкото решение.

На 30 јуни 2026 година беше одговорено дека се доставени две спецификации во претходните одговори од кои едната со име Specifikacija_rekonstrukcija_NN_mreza_Ucestvo е со X00-A 4x50 воздушен дел. Се работи за реконструкција на дел од постоечката нисконапонска мрежа, односно се заменува еден столб и едно поле АЛ/Фе 4x16 со X00-A 4x50. Во оваа спецификација корисникот учествува по капацитет.

Доставена е и втора спецификација со име Specifikacija_Merno_Mesto. Оваа спецификација е за изградба на подземен приклучок за корисникот со NAY2Y 4x25 и оваа спецификација корисникот ја плаќа во целост. На корегираниот ГИС кој е во прилог со полна црвена линија е реконструкцијата на НН мрежата (учество по капацитет) а со испрекината линија е подземниот приклучок за корисникот (100% учество).

На 7 јули 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека приговараното Решение односно пресметката на надоместокот за приклучување на електродистрибутивната мрежа кон истото е изработена согласно

Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, имајќи предвид дека се работи за нестандарден приклучок.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–231/26**
**16 јули 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Ацо Ристов**